**Обраќање по повод отворањето на Амамот во Тетово, Македонија**
15 октомври 2007 година

Нејзина екселенција Џилијан Миловановиќ

Добра вечер, господине премиер, господине министер за култура Џемаили, Заменик асистент државен секретар Графи, почитувани гости. Ми претставува големо задоволство што сум тука, да го видам Амамот во неговата нова обновена форма. Го имав видено уште во времето кога на него беше истакната таблата “Схератон Пизза”од надвор,  а внатре беше во мошне жална состојба. Вечерва сме сведоци на чудесна трансформација.

Сите оние што учествуваа во осмислувањето, во планирањето и во изведувањето на работата вечерва треба многу да се гордеат со себе. Тие зачуваа еден важен елемент од вашето заедничко наследство и за граѓаните на Тетово и на Македонија го возобновија ова архитектонско богатство.

Македонија има многу богата историја, многу богата и разнолика култура. Од 2001 година, кога беше основан Амбасадорскиот фонд за зачувување на културата, народот на САД помогна во конзервирањето и обновувањето на Стоа, на археолошките ископувања во Стоби, за црквата Св. Спас во Скопје, мегалитската опсерваторија Кокино, и сега еве за Амамот овде во Тетово.





Навистина е прекрасно тоа што една градба што многу одамна била место за собирање на луѓето, јавна бања, сега повторно станува место каде што ќе можат луѓето да се собираат. Во оваа пригода, ние ќе ги посочиме творбите на локалните уметници што се овде изложени преку Здружението на ликовни уметници. Ова е прекрасен начин да се пушти во употреба јавен простор чии цигли и малтер претставуваат мост од минатото кон иднината. Ми претставува посебно задоволство тоа што Амамот ќе му биде на располагање на секој оној што сака да

изложи свои дела, да размени гледишта и да ја искористи можноста преку уметноста и преку размената на идеи да ги си ги прошири видиците.

Вечерва имам една угледна гостинка, Заменик помошник државен секретар Колин Графи, којашто допатува од Вашингтон, меѓу другото, за да ја сподели со нас возбудата од вечерашниов настан. За време на својот престој овде во Македонија, Заменикот помошник државен секретар Колин Графи им се обрати на голем број граѓани на Македонија од сите возрасти и од најразлично потекло. Нејзината посета, како и настанот што вечерва го чествуваме, претставуваат само примери за постојаната размена на гледишта и за интензивните партнерски релации кои ги карактеризираат односите меѓу владите на САД и на Република Македонија, како и на нашите два народи.

Јавната дипломатија, во којашто Заменикот помошник државен секретар Колин е врвен стручњак, е осмислена така што да гради „меѓусебно разбирање" преку студентска размена, како што е стипендијата Фулбрајт, и преку културни настани. На пример, во текот на овие 17 години на независност на Македонија, во програми на размена во САД учествувале околу 300 граѓани на Македонија. Минатата недела американскиот спикер Тери Силвер, стручњак за школски системи, со своите колеги разговараше за тоа што е добро а што не функционира во САД. Грег Хопкинс, истакнат американски џез музичар и професор на прочуениот Музички колеџ Беркли во Бостон, неделава престојува во Македонија за да работи со млади луѓе на тој начин што „за музиката во светот подучува преку џезот". Како „културен емисар", Грег ги подучува вашите деца на тој начин што ги слуша, а потоа своите искуства од Македонија ќе ги пренесе во САД за да ги сподели со своите колеги Американци. Ваква размена ги збогатува нашите две земји.

И така вечерва, кога свечено го одбележуваме отворањето на Амамот, би сакала за миг да застанам и да кажам: сите ние, без оглед на националната припадност или на потеклото, ја цениме културата и наследството на ова место. Благодарна сум што ми беше овозможено, благодарение на Амбасадорскиот фонд за зачувување на културата, практично да покажам дека американскиот народ го почитува и го цени народот на Македонија. Ја цениме вашата историја, вашата култура, вашата разноликост. Ја цениме вашата уметност, и архитектура, и археологија. Со заедничко зачувување на минатото, ние ја градиме иднината.

Ви благодарам.